ВЕЛИГДЕН

Велигден е еден од најубавите и најважните христијански празници. Тоа е денот кога христијаните насекаде во светот го слават воскресението на Исус Христос, па заедно и во убава атмосфера се радуваат. Но покрај религиозните ритуали и обичаи кои се прават на овој ден, секоја земја има свој, уникатен начин на кој го празнува.

Велигденските јајца се обележје на големиот христијански празник Велигден. Јајцата се бојосуваат и се украсуваат во текот на Велика недела (Страсна недела), најчесто на Велики четврток или Велики петок. Бојосаните јајца обично се ставаат во кошница наполнета со слама така што наликува на птичјо гнездо. Сите христијани на тој ден се поздравуваат со поздравот „Христос воскресна“ на што се одговара „Навистина воскресна“.

Изработила: Ана Коњачкова VIIб